# ПОЛУГОДИШЕН

# ИЗВЕШТАЈ

за работата на Општинското основно училиште

“Круме Кепески“ во учебната 2025/2026 година

## Содржина


| | | |
|---|---|---|
| 1 | Услови во кои работеше училиштето<br>1.1.Ученици и паралелки<br>1.2.Наставници и стручни соработници | 3<br>4,5<br>5 |
| 2 | Планирање, реализација и унапредување на воспитно-образовната дејност<br>2.1.Годишна програма за работа на училиштето<br>2.2.Планирање и реализација на наставата<br>2.3.Инклузивна култура, политика и практика во училиштето | 6<br>6<br>6,7<br>7,8 |
| 3 | Редовност, успех и поведение на учениците во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година<br>3.1.Редовност и поведение на учениците<br>3.2.Успех на учениците<br>3.3.Пофалени и наградени ученици | 9<br>9,10<br>10-13<br>14 |
| 4 | Организација и реализација на воннаставната воспитно-образовна работа<br>4.1.Секции,еднократни работилници, јавна и културна дејност и натпревари<br>4.1.1.Работа на секциите<br>4.1.2.Еднократни работилници<br>4.1.3.Превентивни програми<br>4.1.4.Проекти<br>4.1.5.Јавна и културна дејност<br>4.1.6.Учество на конкурси и натпревари<br>4.2.Ученички екскурзии, излети, посети и набљуденија<br>4.3.Ученичко организирање и акции | 15<br>15<br>15<br>16,17<br>17<br>17,18<br>18<br>19,20<br>20<br>21,22 |
| 5 | Грижа на училиштето за здравјето на учениците | 23 |
| 6 | Меѓуетничка интеграција во образованието | 23,24 |
| 7 | Професионално информирање и ориентирање на учениците | 24,25 |
| 8 | Соработка на училиштето со локалната средина, бизнис заедницата и невладините организации | 25,26 |
| 9 | Следење и унапредување на воспитно-образовната работа<br>9.1. Следење и вреднување на воспитно-образовната работа<br>9.2.Професионален развој на воспитно-образовниот кадар<br>9.2.1.Посети на семинари, обуки и индивидуално стручно усовршување<br>9.2.2.Активности како обучувачи, модератори, креатори на вебинари, автори, консултанти, учесници во фокус групи<br>9.2.3.Работа на Стручните активи | 26<br>26<br>26<br>27-30<br>30,31<br>31,32 |
| 10 | Заклучни согледувања | 33 |

# 1.Услови во кои работеше училиштето

Општинското основно училиште “Круме Кепески“ се наоѓа во Општина „Кисела Вода“, Скопје и е составено од централно и подрачно училиште. Учебната 2025/2026 година започна на 1.09.2025 година.

Во училиштето се задоволени условите во однос на просторот и потребниот број на училници и кабинети за изведување на настава, а во текот на целата учебна година се водеше грижа за естетско уредување на истите.

Во пресрет на учебната година беа извршени сите неопходните подготовки и беа обезбедени потребните хигиенски и останати услови за прием на учениците.

Во оваа учебна година во однос на инфраструктурата спроведени се следните активности:

-во Централното училиште сменет е подот на пет училници;

-купени се 68 клупи и 134 столчиња, со што сите училници од подрачното училиште се опремени со нови клупи и столчиња;

-бојадисани се сите училници на првиот кат и ходниците во Централното училиште;

-поставен е бекатон на влезот пред централното училиште и е засадена една јапонска цреша;

-поставени се три рефлектори во централно училиште, од кои два на влезот во училиштето и еден позади кај паркингот и еден рефлектор во подрачното училиште;

-во подрачното училиште пренаменета е една просторија и истата е опремена како ресурсна соба.

Од страна  на компанијата ЕЛКОЛЕКТ, како благодарница за соработката за собирање на електронски отпад, дониран е 65 инчен вивакс телевизор, држач за телевизорот и леново лаптоп.

# 1.1 Ученици и паралелки

Во текот на учебната 2025/2026 година во училиштето учеа вкупно 719 ученика од прво до деветто одделение распоредени во 35 паралелки.

Воспитно образовната работа се одвиваше во две училишни згради и тоа во централното училиште во кое учат 649 ученика од прво до деветто одделение во 30 паралелки и во подрачното училиште во населбата Припор во кое учат 70 ученика од прво до петто одделение во 5 паралелки.

Наставата во подрачното училиште во Припор се одвиваше во прва смена, додека наставата во централното училиште се одвиваше во две смени – предметна настава и дел од одделенска настава во прва смена, а дел од одделенска настава во втора смена.

| **Вкупен број на паралелки и ученици во училиштето** | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Централно** | | | | **Подрачно** | | | | **Вкупно централно и подрачно** | | | |
| **Одд.** | **Пар.** | **М** | **Ж** | **Вкуп.** | **Пар.** | **М** | **Ж** | **Вкуп.** | **Пар.** | **М** | **Ж** | **Вкуп.** |
| I | 3 | 35 | 25 | 60 | 1 | 8 | 9 | 17 | 4 | **43** | **34** | **77** |
| II | 3 | 36 | 35 | 71 | 1 | 8 | 7 | 15 | 4 | **44** | **42** | **86** |
| III | 3 | 35 | 37 | 72 | 1 | 8 | 12 | 20 | 4 | **43** | **49** | **92** |
| IV | 3 | 43 | 35 | 78 | 1 | 6 | 4 | 10 | 4 | **49** | **39** | **88** |
| V | 3 | 34 | 24 | 58 | 1 | 6 | 2 | 8 | 4 | **40** | **26** | **66** |
| I-V | **15** | **183** | **156** | **339** | **5** | **36** | **34** | **70** | **20** | **219** | **190** | **409** |
| VI | 4 | **48** | **41** | **89** | | | | | 4 | **48** | **41** | **89** |
| VII | 4 | **40** | **35** | **75** | | | | | 4 | **40** | **35** | **75** |
| VIII | 4 | **38** | **47** | **85** | | | | | 4 | **38** | **47** | **85** |
| IX | 3 | **39** | **22** | **61** | | | | | 3 | **39** | **22** | **61** |
| **VI-IX** | **15** | **165** | **145** | **310** | | | | | **15** | **165** | **145** | **310** |
| **I-IX** | **30** | **348** | **301** | **649** | **5** | **36** | **34** | **70** | **35** | **384** | **335** | **719** |

| Број на ученици по паралелки | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Парал.** | | **М** | **Ж** | **Вкупно** | **Парал.** | **М** | **Ж** | **Вкупно** |
| I-1 | | 5 | 7 | 12 | VI-1 | 13 | 11 | 24 |
| I-2 | Целод.наст. | 16 | 7 | 23 | VI-2 | 13 | 11 | 24 |
| I-3 | Целод.наст. | 14 | 11 | 25 | VI-3 | 16 | 10 | 26 |
| I-4 | Подрачно училиште | 8 | 9 | 17 | VI-4 | 6 | 9 | 15 |
| **I** | | **43** | **34** | **77** | **VI** | **48** | **41** | **89** |
| II-1 | | 10 | 5 | 15 | VII-1 | 7 | 9 | 16 |
| II-2 | Целод.наст. | 14 | 14 | 28 | VII-2 | 13 | 9 | 22 |
| II-3 | Целод.наст. | 12 | 16 | 28 | VII-3 | 13 | 11 | 24 |
| II-4 | Подрачно училиште | 8 | 7 | 15 | VII-4 | 7 | 6 | 13 |
| **II** | | **44** | **42** | **86** | **VII** | **40** | **35** | **75** |
| III-1 | Целод.наст. | 8 | 7 | 15 | VIII-1 | 9 | 12 | 21 |
| III-2 | Целод.наст. | 13 | 16 | 29 | VIII-2 | 11 | 14 | 25 |
| III-3 | Целод.наст. | 14 | 14 | 28 | VIII-3 | 11 | 14 | 25 |
| III-4 | Подрачно училиште | 8 | 12 | 20 | VIII-4 | 7 | 7 | 14 |
| **III** | | **43** | **49** | **92** | **VIII** | **38** | **47** | **85** |
| IV-1 | | 11 | 11 | 22 | IX-1 | 15 | 10 | 25 |
| IV-2 | | 16 | 13 | 29 | IX-2 | 12 | 9 | 22 |
| IV-3 | | 16 | 11 | 27 | IX-3 | 12 | 3 | 15 |
| IV-4 | Подрачно училиште | 6 | 4 | 10 | | | | |
| **IV** | | **49** | **39** | **88** | **IX** | **39** | **22** | **61** |
| V-1 | | 6 | 8 | 14 | | | | |
| V-2 | | 14 | 5 | 19 | | | | |
| V-3 | | 14 | 11 | 25 | | | | |
| V-4 | Подрачно училиште | 6 | 2 | 8 | | | | |
| **V** | | **40** | **26** | **66** | | | | |
| **I-V** | | **219** | **190** | **409** | **VI-IX** | **165** | **145** | **310** |
| **I-IX** | | **384** | **335** | **719** | | | | |

## 1.2 Наставници и стручни соработници

Во текот на првото полугодие од учебната 2025/2026 година во училиштето работеа 1 директор, 59 наставници и 3 стручни соработници - психолог, педагог и специјален едукатор и рехабилитатор.

| Преглед на воспитно-образовниот кадар | | | |
|---|---|---|---|
| | **ВСС** | **ВШС** | **Вкупно** |
| Одделенски наставници | 27 | | 27 |
| Предметни наставници | 32 | | 32 |
| Директор | 1 | | 1 |
| Психолог | 1 | | 1 |
| Педагог | 1 | | 1 |
| Специјален едукатор и рехабилитатор | 1 | | 1 |

# 2.Планирање, реализација и унапредување на воспитно-образовната дејност

## *2.1. Годишна програма за работа на училиштето*

Пред почетокот на учебната година беше изготвена Годишната програма за работа на училиштето, која од Наставничкиот совет беше разгледана на 9.07.2025 година. Истата Училишниот одбор ја разгледа на 18.07.2025 година и со Одлука ја достави до Советот на Општина "Кисела Вода" со предлог за усвојување, а во законски предвидениот рок беше доставена и до Бирото за развој на образованието и до Државниот просветен инспекторат. Годишната програма за работа на училиштето беше изготвена според насоките дадени од Министерството за образование, а активностите планирани во неа произлегуваат од приоритетните цели од Развојната програма на училиштето.

## *2.2.Планирање и реализација на наставата*

Пред почетокот на учебната година сите наставници уредно и навреме ги предадоа своите планирања за настава, а во текот на учебната година редовно ги подготвуваа своите подготовки за час.

Во однос на наставата, во училиштето покрај задолжителната настава, согласно Наставниот план, се изведуваше и изборна настава по следните слободни изборни предмети:

| Изборен предмет | Одделение |
|---|---|
| Справување со природни катастрофи | IV-1 група |
| Природните убавини на мојата татковина | IV-1 група |
| Разрешување на конфликти | IV-1 група |
| Ракомет | IV-1 група, V-1 група |
| Шах | V-1 група |
| Оригами | V-1 група |
| Цртање,сликање, вајање | V-1 група |
| Религиозно наследство | VI – 1 група |
| Фотографија | VI – 1 група |
| Заштита на животната средина | VI – 1 група |
| Филозофија за деца | VI – 1 група |
| Античка култура и уметност | VI – 1 група |
| Финансиско образование | VII – 1 група |
| Гласот на традицијата | VII – 1 група |
| Истражување преку виртуелни патувања | VII – 1 група |

| | |
|---|---|
| Архитектура  и градежништво | VII – 1 група |
| Воспитување  преку параболи | VII – 1 група |
| Енергијата  и животната средина | VIII - 1 група |
| Шах | VIII - 1 група |
| Воведување  во историјата на ликовната  уметност | VIII - 1 група |
| Прва помош | VIII - 1 група |
| Истражување на родниот крај | IX-2 групи |
| Нашата татковина | IX -1 група |

Како дел од наставниот процес во училиштето се изведуваше дополнителна настава за оние ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на наставниот материјал, а за оние ученици кои побрзо напредуваат во учењето – додатна настава.

Во континуитет со претходните учебни години особено внимание се посвети на начинот на планирање и изведување на наставниот процес и нивно подобрување, особено планирањата во прво, второ, трето, четврто, петто, шесто и седмо одделение согласно Концепцијата за основно образование. Во текот на учебната година во училиштето се вршеше увид во планирањата и во начинот на изведување на настава, како и во начинот на водење на педагошката евиденција и документација, според претходно изготвена Програма за следење, вреднување и унапредување (евалуација) на образовната и воспитната работа, која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. По извршените увиди во наставата, следеа консултации со насоки за понатамошна работа.

## *2.3.Инклузивна култура, политика и практика во училиштето*

Училишниот тим за инклузија ги планираше и координираше сите инклузивни процеси во училиштето, а за учениците со посебни образовни потреби, односно за учениците со попреченост беа формирани Инклузивни тимови за секој ученик кои изготвија ИОП и ја реализираа наставата и оценувањето за учениците согласно изготвениот ИОП. За двајца  ученици беше изготвена модифицирана наставна програма. При реализација на наставата се применуваше диференциран пристап.

Во текот на првото полугодие од оваа учебна година спроведени се следните активности:

-Склучен е договор за соработка помеѓу Општинско основно училиште „Кузман Јосифовски-Питу“ Кисела Вода, Скопје, како Центар за поддршка во учење (25.09.2025) и Општинско основно училиште „Круме Кепески“ (17.09.2025), за обезбедување на поддршка при имплементирање на инклузивното образование и изготвен Акциски план за работа кој произлегува од меѓусебниот договор за соработка.

-По повод одбележување на 23-ти Септември – Меѓународниот ден на знаковниот јазик и Меѓународната недела на лицата со оштетен слух, наставничката по англиски јазик, Нарциса Блажевска, заедно со учениците од 9-1 одделение подготвија презентација, видео и активности кои ги реализираа во вид на работилница со учениците од 3-2 одделение со наслов: „Во светот на тишината“. Целта на активностите беше да се запознаат учениците уште од најмала возраст со знаковниот јазик, како начин на комуникација меѓу лицата со оштетен слух. Учениците научија зборови на англиски јазик поврзани со темата, а воедно заедно со поголемите ученици научија да искажат одредени изрази со помош на знаковниот јазик.

-Во подрачното училиште отворена е ресурсна соба со цел обезбедување подобри услови за поддршка на учениците со попреченост.

-По повод одбележувањето на 3.Декември - Меѓународен ден на лицата со попреченост, во подрачното училиште беше реализирана работилница посветена на изработка на нагледни средства и адаптирани материјали за ученици со попреченост наменети за збогатување на ресурсната соба во училиштето.На работилницата учествуваа сите наставници од подрачното училиште, стручни соработници, образовни асистенти, родители и ученици, кои преку заедничка работа креираа едукативни материјали што овозможуваат полесно разбирање, визуелна поддршка и поголема пристапност во наставата. Работилницата придонесе за подигнување на свеста за важноста од инклузивно образование, како и за создавање материјали кои ќе им овозможат на учениците со попреченост подобро учење и активна вклученост во училишниот живот.

Исто така и во централното училиште беа организирани и реализирани низа креативно-едукативни работилници и тоа:

- „Запознавање со Меѓународниот ден на лицата со попреченост и неговото значење“, наставник Маја Саздовска во соработка со образовниот асистент во парелелката со учениците од I-1 одделение;
- „Различноста не учи да сакаме“, наставник Зорица С. Глигорова со учениците од II-2 одделение;
- „Отпечатоци на инклузија“, наставник Елена Таневска во соработка со образовниот асистент во парелелката со учениците од III-1 одделение;
- „Accept the difference-Прифати ги различностите“, наставник Марија Дамчевска Ристевска во соработка со образовниот асистент во парелелката со учениците од III-1 одделение;
- „Раце што можат“, наставник Антоанела Анѓеловска со учениците од III-3 одделение;
- Изработка на постер и алки со инклузивни пораки, наставник Елена Петровски во соработка со образовниот асистент во парелелката со учениците од V-1 одделение.

## 3.Редовност, поведение и успех на учениците во првото полугодие од учебната 2025/2026 година

### 3.1.Редовност и поведение на учениците

Од податоците добиени на одделенските совети констатирано е дека вкупниот број на изостаноци изнесува 11088, од кои 11021 оправдани и 67 неоправдани.

| Преглед на бројот на изостаноци | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Изостаноци** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **I-V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **VI-IX** | **Вк.** |
| Оправдани | 988 | 920 | 1286 | 910 | 902 | **5006** | 1645 | 1336 | 1060 | 2068 | **6109** | **11115** |
| Неоправдани | | | | | | | | | 1 | 66 | **67** | **67** |
| Вкупно | 988 | 920 | 1286 | 910 | 902 | **5006** | 1645 | 1336 | 1061 | 2134 | **6176** | **11182** |

Просечниот број на изостаноци по ученик изнесува 15,55, што е за 3,38 помалку споредено со првото полугодие во претходната учебна година. Просечниот број на оправдани изостаноци по ученик изнесува 15,45 што е за 3,52 помалку во однос на претходната учебна година. Просечниот број на неоправдани изостанци по ученик изнесува 0,09 што е за 0,03 повеќе во однос на претходната учебна година. Сите оправдани изостаноци се должат на отсуства поради здравствени причини и подолги отсуства поради хоспитализирање или потешки повреди. Сите изостаноци се оправдувани врз основа на лекарска белешка или информации добиени од родителите. Неоправданите изостаноци се должат на задоцнување на учениците на првиот час, но и на почести отсуства на двајца ученици од деветто одделение.

Во однос на поведението во првото полугодие од оваа учебна година сите ученици имаа примерно поведение.

Во текот на ова полугодие поради несоодветно однесување изречени се педагошки мерки на следните ученици:

-Алексеј Илијан Алексиќ- I-3- усна опомена од одделенски раководител поради несоодветно однесување.

-Дамјан Блажевски-III-3- усна и писмена опомена од одделенски раководител поради несоодветно однесување.

-Максим Урџанов – III-3- усна и писмена опомена од одделенски раководител поради несоодветно однесување.

-Дамјан Петрески - IV-2 - усна опомена од одделенски раководител поради несоодветно однесување.

-Константин Ѓорѓи -IV-2 - усна опомена од одделенски раководител поради несоодветно однесување.

-Ламберто Ковачевски – VII-4 – усна и писмена опомена од одделенски раководител поради несоодветно однесување.

-Марио Николовски– IX-1 одд. – усна и писмена опомена од одделенски раководител поради нередовно посетување настава.

-Ивановски Мартин- IX-3 одд. – усна и писмена опомена од одделенски раководител поради несоодветно однесување

-Дамјан Марковски – IX-3 одд. – усна и писмена опомена од одделенски раководител и укор од наставнички совет поради нередовно посетување настава и несоодветно однесување.

Во текот на првото полугодие беа реализирани советувања за 6 родители и советувања за 2 ученици за нередовно посетување настава и за 4 ученици за манифестирање разни форми на несоодветно однесување во училиште. Реализирани се и индивидуални консултации и поддршка од страна на психологот на училиштето кои се однесуваа на зајакнување на капацитетите на родителите и учениците и поддршка во однос на емоционалните и семејните состојби, а во насока на зачувување на менталното здравје на учениците.

## 3.2.Успех на учениците

Според податоците добиени од одделенските совети и статистичките прегледи приложени во овој извештај, средниот успех на учениците за првото полугодие од оваа учебна година изнесува 4,23 и е за 0,08 повисок од претходната учебна година кога изнесуваше 4,15.

По одделенија постигнат е следниот среден успех:

| ПРЕГЛЕД НА УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ОД УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одд. | Вкупно ученици | | одлични | | Мн. добри | | Добри | | доволни | | СЕ ПОЗИТИВНИ ОЦЕНЕТИ | | Со 1 слаба | | Со 2 слаби | | Не преминал | | неоценети | СРЕДЕН УСПЕХ | |
| | се | ж | Бр | % | бр | % | бр | % | бр | % | Бр | % | бр | % | бр | % | Бр | % | бр | описно | просек |
| I | 77 | 34 | / | / | / | / | / | / | / | / | 77 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | 77 | / |
| II | 86 | 42 | / | / | / | / | / | / | / | / | 86 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | 86 | / |
| III | 92 | 49 | / | / | / | / | / | / | / | / | 92 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | 92 | / |
| **I-III** | **255** | **125** | / | / | / | / | / | / | / | / | **255** | **100** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| IV | 88 | 39 | 57 | 64,8 | 25 | 28,4 | 6 | 6,82 | / | / | 88 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | 4,58 |
| V | 66 | 26 | 35 | 53,0 | 29 | 43,9 | 1 | 1,52 | 1 | 1,52 | 66 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | 4,48 |
| **IV-V** | **154** | **65** | **92** | **59,7** | **54** | **35,1** | **7** | **4,55** | **1** | **0,65** | **154** | **100** | / | / | / | / | / | / | / | / | **4,54** |
| VI | 89 | 41 | 32 | 36,0 | 46 | 51,7 | 11 | 12,4 | / | / | 89 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | 4,24 |
| VII | 75 | 35 | 24 | 32,0 | 30 | 40,0 | 20 | 26,7 | 1 | 1,33 | 75 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | 4,03 |
| VIII | 85 | 47 | 30 | 35,3 | 32 | 37,6 | 23 | 27,1 | / | / | 85 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | 4,08 |
| IX | 61 | 22 | 18 | 29,5 | 21 | 34,4 | 21 | 34,4 | 1 | 1,64 | 61 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | 3,92 |
| **VI-IX** | **310** | **145** | **104** | **33,5** | **129** | **41,6** | **75** | **24,2** | **2** | **0,65** | **310** | **100** | / | / | / | / | / | / | / | / | **4,08** |
| **IV-IX** | **464** | **210** | **196** | **42,2** | **183** | **39,4** | **82** | **17,7** | **3** | **0,65** | **464** | **100** | / | / | / | / | / | / | / | / | **4,23** |
| **I-IX** | **719** | **335** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

## Успех на учениците по предмети

| IV одд. | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 88 | 43 | 25 | 14 | 6 | 0 | 4,19 |
| Англиски јазик | 88 | 39 | 21 | 16 | 12 | 0 | 3,99 |
| Ликовно образование | 88 | 83 | 4 | 1 | 0 | 0 | 4,93 |
| Музичко образование | 88 | 82 | 6 | 0 | 0 | 0 | 4,93 |
| Математика | 88 | 37 | 28 | 16 | 7 | 0 | 4,08 |
| Природни науки | 88 | 41 | 24 | 17 | 6 | 0 | 4,14 |
| Историја и општество | 88 | 45 | 22 | 15 | 6 | 0 | 4,20 |
| Техничко обр. и информатика | 88 | 73 | 9 | 6 | 0 | 0 | 4,76 |
| Физичко образование | 88 | 87 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4,98 |
| Справување со природни катастрофи | 28 | 28 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Природните убавини на мојата татковина | 23 | 23 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Разрешување на конфликти | 27 | 27 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Ракомет | 10 | 9 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4,80 |

| V одд. | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 66 | 27 | 16 | 22 | 1 | 0 | 4,05 |
| Англиски јазик | 66 | 31 | 18 | 16 | 1 | 0 | 4,20 |
| Ликовно образование | 66 | 65 | 0 | 0 | 1 | 0 | 4,95 |
| Музичко образование | 66 | 64 | 1 | 0 | 1 | 0 | 4,94 |
| Математика | 66 | 31 | 13 | 21 | 1 | 0 | 4,12 |
| Природни науки | 66 | 11 | 10 | 23 | 22 | 0 | 3,15 |
| Историја и општество | 66 | 30 | 16 | 19 | 1 | 0 | 4,14 |
| Техничко обр. и информатика | 66 | 63 | 1 | 2 | 0 | 0 | 4,92 |
| Физичко образование | 66 | 62 | 2 | 1 | 1 | 0 | 4,89 |
| Шах | 19 | 19 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Оригами | 19 | 19 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Цртање,сликање, вајање | 20 | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Ракомет | 8 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |

| VI одд. | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 89 | 22 | 30 | 21 | 16 | 0 | 3,65 |
| Англиски јазик | 89 | 44 | 18 | 25 | 2 | 0 | 4,17 |
| Француски јазик | 89 | 25 | 25 | 39 | 0 | 0 | 3,84 |
| Ликовно образование | 89 | 89 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Музичко образование | 89 | 89 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Математика | 89 | 35 | 15 | 22 | 17 | 0 | 3,76 |
| Природни науки | 89 | 12 | 29 | 29 | 19 | 0 | 3,38 |
| Историја и општество | | | | | | | |
| М. Историја | 89 | 30 | 22 | 27 | 10 | 0 | 3,81 |
| М. Географија | 89 | 12 | 29 | 29 | 19 | 0 | 2,98 |
| ТО и информатика | | | | | | | |
| М. Техничко образование | 89 | 69 | 0 | 19 | 1 | 0 | 4,54 |
| М. Информатика | 89 | 68 | 8 | 12 | 2 | 0 | 4,58 |
| Физичко образование | 89 | 89 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Филозофија за деца | 18 | 18 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Заштита на животната средина | 20 | 20 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Античка култура и уметност | 19 | 19 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Фотографија | 18 | 18 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Религиозно наследство | 14 | 14 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |

| VII одд. | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 75 | 14 | 14 | 25 | 22 | 0 | 3,27 |
| Англиски јазик | 75 | 28 | 13 | 22 | 12 | 0 | 3,76 |
| Француски јазик | 75 | 22 | 12 | 27 | 14 | 0 | 3,56 |
| Ликовно образование | 75 | 75 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Музичко образование | 75 | 72 | 3 | 0 | 0 | 0 | 4,96 |
| Математика | 75 | 29 | 8 | 32 | 6 | 0 | 3,80 |
| Физика | 75 | 11 | 12 | 32 | 20 | 0 | 3,19 |
| Хемија | 75 | 19 | 22 | 22 | 12 | 0 | 3,64 |
| Биологија | 75 | 25 | 15 | 19 | 16 | 0 | 3,65 |
| Географија | 75 | 15 | 15 | 26 | 19 | 0 | 3,35 |
| Историја | 75 | 20 | 19 | 24 | 12 | 0 | 3,63 |
| Граѓанско образование | 75 | 45 | 12 | 15 | 3 | 0 | 4,32 |
| Модул Информатика | 75 | 39 | 17 | 16 | 3 | 0 | 4,23 |
| Физичко образование | 75 | 39 | 21 | 15 | 0 | 0 | 4,32 |
| Финанскиско образов. | 17 | 17 | | | | | 5,00 |
| Гласот на традицијата | 15 | 12 | | 3 | | | 4,60 |
| Истражување преку виртуелни патувања | 15 | 15 | | | | | 5,00 |
| Воспитување преку параболи | 15 | 15 | | | | | 5,00 |
| Архитектура и градежништво | 13 | 13 | | | | | 5,00 |

| VIII одд. | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 85 | 26 | 17 | 29 | 13 | 0 | 3,66 |
| Англиски јазик | 85 | 40 | 20 | 21 | 4 | 0 | 4,13 |
| Француски јазик | 84 | 23 | 17 | 28 | 16 | 0 | 3,56 |
| Ликовно образование | 85 | 85 | | | | | 5,00 |
| Музичко образование | 85 | 85 | | | | | 5,00 |
| Математика | 85 | 27 | 11 | 21 | 26 | 0 | 3,46 |
| Физика | 85 | 9 | 25 | 28 | 23 | 0 | 3,24 |
| Хемија | 85 | 21 | 24 | 18 | 22 | 0 | 3,52 |
| Биологија | 85 | 26 | 17 | 26 | 16 | 0 | 3,62 |
| Географија | 85 | 22 | 14 | 29 | 20 | 0 | 3,45 |
| Историја | 85 | 32 | 13 | 28 | 12 | 0 | 3,76 |
| Граѓанско образование | 85 | 35 | 22 | 24 | 4 | 0 | 4,04 |
| Физичко образование | 85 | 75 | 4 | 5 | 1 | 0 | 4,80 |
| Енергијата и животната средина | 15 | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Прва помош | 15 | 15 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Воведување во историја на ликовната уметност | 28 | 28 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Шах | 27 | 27 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |

| IX одд. | Ученици | 5 | 4 | 3 | 2 | 1 | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | 61 | 21 | 11 | 10 | 19 | 0 | 3,56 |
| Англиски јазик | 61 | 16 | 11 | 18 | 16 | 0 | 3,44 |
| Француски јазик | 60 | 15 | 6 | 17 | 22 | 0 | 3,23 |
| Ликовно образование | 61 | 61 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Музичко образование | 61 | 61 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Математика | 61 | 14 | 10 | 19 | 18 | 0 | 3,33 |
| Физика | 61 | 11 | 9 | 32 | 9 | 0 | 3,36 |
| Хемија | 61 | 24 | 11 | 14 | 12 | 0 | 3,77 |
| Биологија | 61 | 19 | 10 | 16 | 16 | 0 | 3,52 |
| Географија | 61 | 17 | 14 | 14 | 16 | 0 | 3,52 |
| Историја | 61 | 21 | 11 | 13 | 16 | 0 | 3,61 |
| Граѓанско образование | 61 | 29 | 8 | 22 | 2 | 0 | 4,05 |
| Иновации | 61 | 30 | 11 | 19 | 1 | 0 | 4,15 |
| Истражување на родниот крај | 40 | 29 | 10 | 1 | 0 | 0 | 4,70 |
| Нашата татковина | 21 | 21 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,00 |
| Физичко образование | 61 | 18 | 18 | 25 | 0 | 0 | 3,89 |

Учениците од прво до трето одделение се оценети описно и нивниот успех не влегува во статистичкиот приказ.

## 3.3. Пофалени и наградени ученици

На одделенските совети кои се одржаа на крајот од првото полугодие од оваа учебна година одделенските раководители предложија за пофалба ученици кои особено се истакнуваа со својот успех и севкупните постигнувања.

| Преглед на пофалени ученици | | | |
|---|---|---|---|
| **Паралелка** | **Ученици** | **Паралелка** | **Ученици** |
| II-1 | Зои Рајчановска | V-2 | Лена Манчева |
| II-1 | Теон Златански | V-2 | Андреа Сарбакова |
| II-1 | Ксенија Тасевска | V-2 | Благоја Петревски |
| II-1 | Марта Амбросова | V-3 | Ема Спасовска |
| II-2 | Деана Тасеска | V-3 | Бјанка Кукуновска |
| II-2 | Оливер Георгиев | V-3 | Јана Саздовска |
| II-3 | Ивона Адамческа | VI-1 | Ангела Нацева |
| II-3 | Никита Арџанлиева | VI-1 | Дамјан Николовски |
| II-3 | Ивона Коловска | VI-2 | Давид Јакимовски |
| II-4 | Костадин Ивановски | VI-3 | Сара Ѓорѓиевска |
| II-4 | Илијан Калемџиевски | VI-3 | Лука Јовановски |
| III-1 | Андреј Михајловски | VI-3 | Ангел Миленковски |
| III-1 | Павле Марковски | VI-3 | Дамјан Муратовски |
| III-1 | Сара Стојановска | VI-4 | Калина Георгиевска |
| III-2 | Ангела Марачкова | VII-2 | Марија Илиеска |
| III-2 | Илијана Илиеска | VII-2 | Јана Поповска |
| III-2 | Јована Радеска | VII-2 | Христијан Георгиевски |
| III-3 | Ирина Јаначкова | VIII-1 | Нина Алексовска |
| III-3 | Илина Јаначкова | VIII-2 | Леона Андонова |
| III-4 | Каја Георгиевска | VIII-2 | Бисера Павловска |
| III-4 | Јана Ѓореска | VIII-2 | Ема Здравеска |
| III-4 | Максим Мирчевски | VIII-3 | Калина Саздовска |
| III-4 | Софија Николовска | VIII-3 | Антониа Коловска |
| III-4 | Мартија Крстевска | IX-1 | Снежана Ралевска |
| IV-1 | Георгина Поповска | IX-1 | Анастасија Смилковска |
| IV-1 | Михаела Штерјов | IX-1 | Теона Вељановска |
| IV-1 | Магдалена Радевска | IX-1 | Бојана Павлевска |
| IV-2 | Максим Ацковски | IX-2 | Никола Николовски |
| IV-2 | Нина Ризова | IX-3 | Теодора Узунова |
| IV-4 | Александра Павловска | | |

# 4.Организација и реализација на вонраставната воспитно-образовна работа

## *4.1.Секции, еднократни работилници, јавна и културна дејност и натпревари*

### *4.1.1 Работа на секциите*

| **Секција** | **Активност** | **Време на реализација** | **Ученици** | **Наставник** |
|---|---|---|---|---|
| Секција по француски јазик | Украсување на новогодишна елка во Општина „Кисела Вода“ | 17. 12 2025 | 6-9 одд. | Татјана Глигорова |
| Географска секција | Набљудување на растителен и животински свет на Водно | 22.11.2025 | 6-9 одд. | Кице Гелмановски, |
| Историска секција | Проект ,,70 години Кисела Вода,, Историја што не се заборава. Изработка на историски весник | 01-19 .12.2025 | 9 одд. | Дончо Лозановски |
| Секција млади хемичари | Работилница Еко Лоџик и Дрисла: Техники за трансформација на био отпад | 21.10.2025 | | Славица Велкова Тимова |
| Секција млади биолози | Еколошка активност: Есенско чистење на училишниот двор | Октомври-2025 | 7-9 одд. | Билјана Милутиновска |
| Секција млади биолози | Еколошка активност: садење на растенија од гранче . | Ноември 2025 | 7-9 одд. | Билјана Милутиновска |
| Ученици од разни секции | Еко акцијата на АД,,Цементарница-Скопје,,-садење на садници во училишниот двор | 16.12.2025 | 7-9 одд. | Дончо Лозановски |

### *4.1.2. Еднократни работилници - интерни проектни активности*

Во континуитет со претходната учебна година во училиштето се реализираа ***интерни проектни активности***, односно ***еднократни работилници***. Во текот на учебната година спроведени се следните активности:

| **Активност** | **Одд.** | **Наставник** |
|---|---|---|
| Еднократна работилница „Есента во нашиот крај“ | 2 одд. | Одделенски наставници од второ одделение |
| Интерактивна работилница инспирирана од сликовницата ,,Беззборовната Ела“ во организација на издавачката куќа ,,Чудна шума“ | 2-2, 3-1 | Зорица Симоновска Глигорова, Елена Таневска |
| Креативна работилница -Изработуваме маче од 2Д форми | 2-2 | Зорица Симоновска Глигорова |
| Недела на кодирање/Кодирање преку игра: ,,Судоку и Меморија“ | 2-2 | Зорица Симоновска Глигорова |
| Проектна активност Ртење - засадување на семе во повеќе садови, поставување на светлина, следење на промените и извекување на заклучок | 2-3 | Светлана Карафиљкова |
| Коските кај животните - Презентација и еднократна работилница од доктор ветеринар | 3-1 | Елена Таневска |
| Отворен час со писателката Виолета Наумовска- Промоција на книги „Огне “ и „ Време е за желби“ | Ученици од петто одделение | Одделенски наставници од петто одделение |
| Еднократна работилница „Новогодишни честитки“ | 1-5 одделение | Одделенски наставници |
| Презентација и предавање за Безбедност во сообраќајот - Правила за малите пешаци реализирана во соработка со РСБСП, Министерство за транспорт и МВР | Ученици од прво до петто одделение | Одделенски наставници |
| Проектна активност: Thanksgiving Holiday | V | Билјана Несторовска |
| Проектна активност: Christmas celebration around the world | V | Билјана Несторовска |
| Проектна активност: Моето омилено место – креирање видео | VII | Нарциса Блажевска |
| Проектна активност: Изработка новогодишни честитки | III | Нарциса Блажевска |
| Работилница -"Последици од конзумирање алкохол | IX | Славица Велкова |
| Проектна активност: Изработка на видови триаголници според страните и според аглите (од различни материјали) | VI | Наташа Јаковческа |

| | | |
|---|---|---|
| Проектна активност: Изработка на новогодишна „математичка“ честитка | VI | Наташа Јаковческа |
| Работилница по повод 26.Септември – Европскиот ден на јазиците | VII | Марија Дамчевска Ристевска |
| Работилница „Accept the differences” за одбележување на 3 Декември - Меѓународен ден на лицата со попреченост | VII | Марија Дамчевска Ристевска |
| Работилница по повод 23 Септември - Меѓународен ден на знаковниот јазик и Недела на лицата со оштетен слух | III | Нарциса Блажевска |

### *4.1.3. Превентивни програми*

Во рамките на превентивните програми и активности на училиштето:

- Изготвени се четири подпрограми: 1.Заштита на учениците од насилство, злоупотреба и занемарување, 2. Спречување дискриминација, 3.Превенција од злоупотреба на алкохол, тутун, droги и други психотропни супстанции и 4.Превенција на учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција во рамките на кои се спроведени предвидените активности за првото полугодие.

-Во рамките на Програмата за превенција на менталното здравје и безбедноста на учениците реализирани се превентивни и интервентни работилници со учениците од прво до деветто одделение од страна на наставниците и стручните соработници, како и едукативни работилници и советодавни средби со родителите.

-Отпочната е превентивна програма „Вештини за адолесценција“ со учениците од седмо одделение. Училиштето е избрано од страна на Министерство за образование и Биро за развој на образованието како едно од пилот училиштата. Целта на оваа програма е да се зајакнат психосоцијалните вештини на учениците и да се зголеми нивната отпорност кон ризични однесувања, особено отпорноста кон ризиците од зависности (алкохол, никотин, дрога) и ќе се спроведува во текот на две учебни години.

### *4.1.4. Проекти*

**1.Проект „Фудбал во училиште за секое дете“** – Федерација на училишен спорт и Фудбалска федерација на Македонија.

**Цели на проектот:**

-Запознавање на елементите од фудбалската игра

-Да се запознае и засака фудбалската игра

-Децата кои не тренираат ниту еден спорт да засакаат да играат фудбал

**Учесници** – ученици кои не тренираат спорт од второ, трето, четврто и петто одделение.

**Активности:**

-фудбалски тренизни

-натпревари од забавен ненатпреварувачки карактер меѓу одделенија

**2.Забавен спорт**

**Учесници**: ученици од прво до петто одделение

**Реализатори**: наставници по физичко образование

**3. Проект Еразмус -КА122SCH**- Координатор Билјана Несторовска. Во текот на првото полугодие од учебната 2025-2026 година реализиран е Проект за унапредување на наставните практики и професионален развој на наставниот кадар - Активности од работен и набљудувачки карактер при посета на наставници од училиштето Шехит Осман Демир Илкокулу –Турција.

### *4.1.5.Јавна и културна дејност*

Активностите од ова подрачје се одвиваа според претходно изготвена програма, која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето, а беа насочени кон одбележување на значајни датуми и празници, како што се: прием на првачињата во училиштето, како и нивен прием во Детската организација и ПЦК, одбележување на празниците 8.Септември-Денот на независноста, 11.Октомври-Ден на народното востание, 23.Октомври-Ден на македонската револуционерна борба, 13.Ноември-Ден на ослободувањето на Скопје, 8.Декември-Ден на Свети Климент Охридски со одбележување на Денот на учителот со приредби и настап на ученици –членови на литературни, рецитаторски и драмски секции, историска секција, секции по странски јазици, хор и оркестар – наставници: Татјана Пеливанова, Гордана Арсовска, Анета Јумбрукова Алексова, Валентина Стаматовска, Марија Дамчевска Ристовска, Нарциса Блажевска, Билјана Несторовска.

Со посебни активности – литературни читања, работилници и приредба одбележан е Месецот на книгата.

По повод Денот на учителите беа спроведени еднократни работилници и приредба во холот на училиштето.

Во склоп на активностите за одбележување на Новогодишните празници учениците од централното и подрачното училиште ги украсија училниците и холовите, накитија новогодишни елки и беа реализирани активности - изработка на новогодишни честитки, новогодишни подароци, новогодишен хуманитарен базар и новогодишни приредби и новогодишен концерт.

### 4.1.6. Учество на конкурси и натпревари

| Конкурс | Организатор | Ученици | Освоени награди | Ментори |
|---|---|---|---|---|
| Литературен конкурс на тема: „Лето“ | 15.9.2025, Нова Македонија | Лука Миновски - 8-1 | 2. место | Татјана Пеливанова |
| 58. Рацинови средби на тема: ,,Кога денот од стих се раѓа“ | 29.10.2025, Велес | Оливер Георгиев-2-2 | | Зорица Глигорова |
| | | Деана Тасеска-2-2 | | |
| | | Марија Петковска-2-2 | | |
| | | Лука Миновски - 8-1 | | Татјана Пеливанова |
| Учество на литературен конкурс по повод Националниот ден на осигурувањето | 1.11.2025, Агенција за супервизија на осигурувањето | Калина Саздовска 8-3 | пофалница | Анета Јумбрукова Алексова |
| | | Лука Миновски - 8-1 | пофалница | Татјана Пеливанова |
| | | Бисера Ристовска - 8-1 | пофалница | |
| Литературен конкурс по повод Светскиот ден на штедење на тема: „Да штедиме за нашите желби, да штедиме за нашата иднина“ | 31.10.2025, Народна банка | Лука Миновски - 8-1 | | Татјана Пеливанова |
| | | Бисера Ристовска - 8-1 | | |
| Учество на ликовен конкурс на тема “Заштита од пожари “ | Општинскиот противпожарен сојуз Кисела Вода | Ариа Ајгаровска - 1-4<br>Ксенија Вељановска - 1-4<br>Софија Митровска- 1-4 | | Александра Петровска, |
| | | Оливер Георгиев-2-2<br>Деана Тасеска-2-2 | | Зорица Глигорова |
| | | Лука Миновски - 8-1 | | Татјана Пеливанова |
| Литературен конкурс на тема “Новогодишна магија” | 26.12.2025, Здружение на одделенски наставници ЗОН учител на Р.С.М | Миа Алексоска 4-4<br>Михаела Коцевска 4-4<br>Александра Павловска 4-4 | | Наташа Н. Нумановиќ |
| Новогодишен електронски натпревар во соработка со СММ | 27.12.2025, On-line | Михаела Ѓоревска-5-1<br>Дамјан Куновски-5-2<br>Благоја Петревски-5-2<br>Максим Ќироски-5-2 | | Елена Петровски, Петранка Ристевска |

## Општински натпревари

| Натпревар | Ученици | Освоени награди | Ментори |
|---|---|---|---|
| Општински натпревари-одбојка-женски | Училишна екипа 7-9 одд. | | Игор Зафировски |
| Општински натпревари-футсал-машки | Училишна екипа 8 и 9 одд. | | Игор Зафировски |
| Општински натпревари-кошарка-машки | Училишна екипа 8-9 одд | | Александар Милојевиќ |
| Турнир во одбојка- ООУ Кирил и Методиј Стајковци-Гази Баба | Одбојкарска селекција на Кисела Вода | 3-то место | Игор Зафировски |

## Државни натпревари

| Натпревар | Ученици | Освоени награди | Ментори |
|---|---|---|---|
| Државно првенство во пливање-Куманово | Ученици од 7,8,9 одделение | | Игор Зафировски |

## Меѓународни натпревари

| Натпревар | Ученици | Освоени награди | Ментори |
|---|---|---|---|
| Меѓународен информатички натпревар ДАБАР 2025 | 76 ученици од VI одд.<br>60 ученици од VII одд. | Сите ученици добија уверение за учество | Наташа Јаковческа |

## *4.2.Ученички екскурзии, излети, посети и набљуденија*

- Набљудување на растителен и животински свет на Водно-22.11.2024- географска секција.

- Посета на Управа за Хидрометеоролошки работи, Скопје и следење на предавање -5.11.2025 – ученици од четврто одделение.

- Посета од шаховска федерација-20.11.2025 - ученици од петто одделение.

- Посета на Фолклорен концерт при домот на културата „Биљана Беличанец“ во соработка со општина К.Вода и Здружението на граѓани за помош и поддршка на лица со Даунов синдром ТРИСОМИЈА 21- Скопје -11.12.2025- ученици од петто одделение.

- Посета на изложба на креации „Ракотворни корени - традиција на иднината“- 24.09.2025 - Дом на култура „Билјана Беличанец“-ученици од трето одделение.

- Посета на културниот дом „Биљана Беличанец“- Работилница инспирирана од книгата „ Деветиот живот на принцот на мачките“ од Дора Гимеши- ученици од петто одделение.

## *4.3.Ученичко организирање и акции*

Во рамките на работата на ученичките организации, **Детската организација** ги реализира следните активности :

1. Одбележување на Меѓународен ден на чоколадото под мотото "И чоколадото може да биде здраво"

2. Следење на предавање - Како треба да се грижам за моето орално здравје - соработка со Црвен Крст на Кисела Вода

3.Предавање на тема " Правила за малите пешаци - Проектна задача за унапредување на безбедноста на децата во сообраќајот"

4.Одбележување на Детската недела преку:

-прием на првачињата во Детската организација

-вклучување во активностите на Детската организација

5.Одбележување на Светскиот ден на детето-5ти Октомври

6.Одбележување на денот на учителите во соработка со општина Кисела Вода

7. Одбележување на Светскиот ден на храната под мотото "Виножито во мојата чинија"

8.Учество во неделата на хуманост, Недела на борба против гладта, преку собирање храна за социјално ранливите семејства.

9.Проект ,,Гласот на ѕвездите" со Незапирливи – музичка и актерска работилница.

10.Одбележување на 3 Декември - Меѓународен ден на лицата со попреченост - Збогатување на ресурсната соба со едукативни изработки

11.Едукативен час со посета од доктор на тема ,,Како да се заштитиме од заразни болести,,

12.Одбележување на Светски ден на правата на човекот и на правата на децата преку различни активности

13.Приредба по повод Нова година во соработка со ЈДГ- Весели Цветови, објект ,,Сончоглед".

14.Активности за Новата година, подготовка на новогодишни изработки и реализирање на продажен базар од хуманитарен карактер

Како дел од активностите на **Подмладокот на црвениот крст на училиштето** во ова полугодие се:

-Прием на првачињата во Подмладокот на Црвениот крст на училиштето со посета на претставници од ЦК Кисела Вода и одржана презентација на првачињата за важноста на Црвениот Крст како хуманитарна организација.

- Реализирана обука на учениците во прво одделение преку постери, 8 чекори до чисти раце.

-Реализирана хуманитарна собирна акција во прехрамбени продукти со цел давање придонес во реализација на кампањата Помислете и на нас, во рамки на Неделата за борба против гладта 16 Октомври.

-Одржано предавање на тема Орално здравје во паралелките од прво одделение и донација на четки за заби.

-Регрутирање на волонтери во организација на Црвениот крст- Светски ден на волонтеризмот.

-Реализирана Новогодишна хуманитарна продажна акција/новогодишен базар за хуманитарни цели, за подршка на семејства од ранлива категорија.

Особено активен во текот на учебната година беше **Ученичкиот парламент** кој на своите редовни состаноци дискутираше за прашања поврзани со правата и обврските на учениците, како и со нивното учество во донесувањето одлуки. Во текот на првото полугодие членовите на Ученичкиот парламент ги реализираа следните активности:

-спроведени се демократски избори за претседател на ученичкиот парламент и негови заменици и на ученички правобранител;

-реализирана е работилницата: „Како функционираат игрите на среќа?";

-формирани се комисии за хигиена во училиштето/ локалната средина и за следење на успехот, дисциплината и редовноста во училиштето;

-споделени се информации за формирањето на локалниот совет за унапредувањена правата на детето при ОКВ, неговата стратегија и програма за работа;

-спроведена е МИМО активност за одбележување на Меѓународниот ден на толеранцијата 16. Ноември;

-формирана е ученичка група за подршка на врсници за реализација на врсничка едукација: „Научи, сподели, вклучи се, активирај се!"

-реализирана е дискусија за опасноста од распрснувачките материјали (петарди и сл.);

-организиран е и реализиран хуманитарниот новогодишен хепенинг, украсувањето на училиштето и училниците, а секој претставник даде и свој извештај од реализацијата на хуманитарниот новогодишен базар.

Во рамките на **општествено корисната работа во училиштето** постојано се одвиваа активности во поглед на одржувањето на хигиената во училиштето, училишниот двор и естетско уредување на училишниот простор, како во училниците, така и во ходниците.

## 5. Грижа на училиштето за здравјето на учениците

Во соработка со Поликлиниката "Јане Сандански" извршени се:

-задолжителен систематски преглед за ученици од прво одделение

-задолжителен стоматолошки систематски преглед за ученици од петто,шесто и седмо одделение

-имунизација со MRP вакцина за ученици од прво одделение

На одделенските часови беа проследени предавања од областа на здравствената заштита, а училиштето постојано водеше сметка да обезбеди максимални хигиенски услови за работа. За учениците од прво одделение беше реализирано предавање „Како треба да се грижам за моето орално здравје" во соработка со Црвениот крст на Кисела Вода.

## 6. Меѓуетничка интеграција во образованието

Оваа учебна година на ден 5.12.2024 година, нашето училиште во соработка со училиштето „Мустафа Кемал Ататурк"од с.Долно Количани, реализираа заеднички активности, на тема :„Медиумска култура, музика и филм", при што партнер училиштето беше гостин во нашето училиште. Во рамките на оваа средба се промовираше културата на еднаквост и на вклученост низ повеќе активности:

- беа подготвени презентации на теми „Почитување на народите преку култура,музика и филм", „ Како се прославува Новата година во Турција и во Македонија";

- во прво, второ и трето одделение беше спроведена активност изработка на македонски и турски знамиња со употреба на различни материјали. Активноста беше интересна за учениците, бидејќи дел од нив немаа претходни знаења за знамето на Турција. За време на оваа активност учениците беа вклучени, мотивирани и исполнителни во текот на целиот период предвиден за активноста. Секој ученик имаше поединечна работа и своја лична изработка, учениците пишуваа литературни творби,цртежи, македонската и турска азбука. Сите изработки беа ставени на еден заеднички хамер;

-настап на учениците од двете училишта со учество во две кореографии.

Во подготовка на активностите со партнер училиште учествуваа и родителите од сите одделенија кои подготвија традиционална храна која беше поставена за време на средбата. Средбата заврши со слободно дружење меѓу учениците од двете училишта, размена на контакти и договор за содржините за следната средба.

Во периодот од 1 до 5 декември 2025, во нашето училиште се реализира посета на наставници од училиштето Шехит Осман Демир Илкокулу од Турција, како дел од Erasmus+ активноста Job Shadowing.

Посетата на наставниците претставува едукативна размена, при која наставниците ги следеа наставните часови, разменуваа искуства и се запознаваа со образовниот процес во нашето училиште. Учеството во овој проект е од исклучително значење за професионалниот развој на наставниот кадар и за унапредување на наставните практики, што директно придонесува кон подобрување на квалитетот на образованието.

Ови наставници беа поканети на заедничката средба при што ги следеа сите активности на учениците.

Во нашето училиште во текот на полугодието беа реализирани и следните активности:

-Работилници на теми: Јас и ти – интерперсонални односи, Прифаќање сличности и разлики, Почитување на другите, Недискриминација, работилница по повод 26.Септември – Европскиот ден на јазиците.

- Следење на презентација како дел од проектот на Еразмус+ - претставување на училиштето Шехит Осман Демир Илкокулу од Турција.

-Активности во рамките на општествената група на предмети – реализација на интегриран час музичко-македонски јазик на тема „Музиката како изразно средство во филмови од различни подрачја" со наставниците Гордана Арсовска, Татјана Пеливанова и Валентина Стаматовска.

-Одбележување на Светскиот ден на толеранцијата со подготвени активности и учество на Ученичкиот парламент - одговорни наставници Татјана Пеливанова, Анета Јумбрукова Алексова, Наташа Јаковческа и Гордана Арсовска.

-Одбележување на Детската недела – правата на децата во рамките на одделенскиот час.

-Дебата на тема „Толкување и практични примени на мултикултурализам и интеркултурализам и нивните разлики" одговорен наставник Радмила Чипан.

## 7. Професионално информирање и ориентирање на учениците

Во текот на првото полугодие од учебната година беа реализирани активности кои беа планирани со ***Програмата за професионално информирање и ориентирање на учениците*** и тоа:

-анкетирање на учениците од деветто одделение во однос на нивните интереси, желби и размислувања за избор на својата идна професија, како и за информациите кои во моментот ги имаат – психолог Андријана Тасевска;

-информирање на учениците од деветто одделение за потребните документи за запишување во средни училишта– психолог Андријана Тасевска;

-проценка на професионалните интереси на учениците од деветто одделение-психолог Андријана Тасевска.

## 8.Соработка на училиштето со локалната средина, бизнис заедницата и невладините организации

Во рамките на ова подрачје во текот на учебната година се одвиваа следните активности:

1.Соработка со Општина „Кисела Вода“:

-Одбележување на денот на учителите во Домот на културата  Билјана Беличанец“.

- Присуство на одбележувањето на денот на ослободување на Скопје- Скопје низ времето-13.11.2025  Дом на култура  „Биљана Беличанец“.

- Присуство на Фолклорен концерт во организација и реализација на  Здружение на граѓани за помош и поддршка на лица со Даунов синдром „Трисомија 21- Овој проект е финансиски подржан и одобрен од Општина Кисела Вода.

- Интерактивна работилница: Македонското творештво низ музиката на композитирите Томислав Зографски и Благој Цанев- Модератор и пијанист Даница Стојанова, Дом на културата Билјана Беличанец 30.09.2025.

- Доделување награди на најуспешни наставници за претходната учебна година во општина Кисела Вода –12.12.2025  Дом на култура “Билјана Беличанец”, наградени наставници од ООУ „Круме Кепески“ – Зорица Глигорова, Петранка Ристевска и Игор Зафировски, по што следеше и културно уметничка програма.

-Украсување на новогодишна елка во Општина „Кисела Вода“ – наставници и ученици.

-Новогодишна забава во паркот Шопен. Свирење и пеење на новогодишни песни организирано од Општина Кисела Вода и Незапирливи - настап на ученици од нашето училиште.

2.Соработка со невладиниот сектор:

-Учество во Проектот на Здружение на граѓани „Незапирливи-заедно кон успех“ поддржан од Општина Кисела Вода - “Гласот на ѕвездите” преку музичка и актерска работилница на учениците од ООУ „Круме Кепески“ со претходно подготвен перформанс во домот на културата „Билјана Беличанец“- ученици од 6 и 8 одд.- наставници:Гордана Арсовска и Анета Јумбрукова.

-Учество во вториот дел од Проектот на Здружението на граѓани „Незапирливи-заедно кон успех“, културно-уметнички настан со музички и актерски изведби „Концерт на таленти.“ - ученици од 6 и 8 одд.- наставници:Гордана Арсовска и Анета Јумбрукова.

-Учество во Проект поддржан од Општина Кисела Вода , реализиран во соработка со здружение за еднакви можности и меѓуетничка соработка АЛ-МА, ликовна

колонија„Креативни катчиња за поздраво детство“, Дом на културата с.Драчево-“-ученици од 6 и 8 одд.- наставник: Анета Јумбрукова.

3.Соработка со Црвениот крст на град Скопје и Црвениот крст на Општина „Кисела Вода“ преку учество во хуманитарни акции.

4.Соработка со бизнис заедницата:

- Еко акцијата на АД,,Цементарница-Скопје-садење на садници во училишниот двор-16.12.2025.

5.Соработка со Факултетот за физичка култура и Фудбалска федерација на Македонија преку учество во проекти

## 9.Следење и унапредување на воспитно-образовната работа

Според Годишната програма за работа на училиштето ова подрачје ги опфаќа следните сегменти:Следење и вреднување на воспитно-образовната работа и Професионален развој на воспитно-образовниот кадар.

### *9.1.Следење и вреднување на воспитно-образовната работа*

Во однос на следењетото, вреднување и унапредувањето на воспитно-образовната работа реализирани се следните активности:

-во текот на месец септември од страна на стручната служба и директорот на училиштето извршен е увид во планирањата за работа на наставниците и се реализирани консултации со нив врз основа на забелешките во инструментите за увид со насоки за подобрување.

-Во текот на месец ноември и декември од страна на стручната служба и директорот извршен е увид во начинот на изведување настава (наставни часови) кај наставниците и врз основа на забелешките во инструментите за увид реализирани се консултации со насоки за подобрување.

-За време на увидите на наставните часови следена е примената на формативното оценување и реализирани се консултации со наставниците во однос на истото.

### *9.2.Професионален развој на воспитно-образовниот кадар*

Подрачјето ***Професионален развој на воспитно-образовниот кадар*** опфаќа посети на семинари, обуки, индивидуално стручно усовршување и работа на стручните активи. Тимот за професионален развој на училиштето врз основа на анализата на личните планови за професионален развој кои ги изготвија сите наставници, изготви Програма за професионален развој на воспитно-образовниот кадар. Најголемиот дел од активностите во рамките на работата на Стручните активи, вклучување во проекти и програми и осмислување на разни форми на внатрешна поддршка произлегуваа токму од оваа Програма и од потребите за личен професионален развој.

### *9.2.1.Посети на семинари, обуки и индивидуално стручно усовршување*

Во текот на првото полугодие од оваа учебна година во однос на посетените семинари, обуки и вебинари можеме да ги наведеме следните:

| Семинар-обука | Кога, каде и организатор | Учесници |
|---|---|---|
| Обука - ЕСАРУЕД за Едневник | 20.08.2025 МОН | Марјан Бошев |
| Reading Aloud Methods in European Preschools and Kindergartens | 10.09.2025 Примера | Марија Д.Ристевска, |
| Примена и креирање на видео содржини во наставни цели. | 24.09.2025, Н.У.Кинотека на РСМ | Касиопеа Наумоска, Анета Јумбрукова, Марија Д.Ристевска, Нарциса Блажевска |
| 66th Pan-European Conference on Digital Education | 25.09.2025 Примера | Марија Д.Ристевска, |
| Why dyslexia doesn't have to mean a lifetime struggle | 27.9.2025, Ричард Вајтхед (Richard Whitehead) - online | Нарциса Блажевска |
| Употреба на вештачката интелигенција за попаметно планирање на наставата | Онлајн - Youtube септември 2025 Организатор: Игор Богдановски | Марјан Бошев |
| Инклузивни практики за наставниците по англиски јазик | 29.09.2025 Хипо Глобал поддржано од Британски Совет | Лариса Станкова |
| Работилница на тема,, Патот кон успехот,, | 02.10.2025 -Граѓанско здружение ,,Незапирливи-Заедно кон Успехот,, поддржано од Општина Кисела Вода | Гордана Арсовска, Татјана Пеливанова, Елена Михајлова, Анета Јумбрукова, Кристијан Наумовски Марија Д.Ристевска, Наташа Јаковческа, Билјана Тодоровска, Елена Таневска, Александра Петровска |
| Обука за државно тестирање | 3.10.2025 од ДИЦ | Елена Михајлова, Марија Д.Ристевска, |
| Инклузивни практики за наставниците по англиски јазик | 04.10.2025 -онлајн Хипо Глобал поддржано од Британски Совет | Лариса Станкова |
| Како со креативност до здрав развој кај деца | 08.10.2025- Едукативен центар идеа зоом | Ирена К. Димковска |

| | | |
|---|---|---|
| Моќта на вештачката интелегенција | 14.10.2025 -ЗОН учител | Ирена К. Димковска, Марина Крстевска Ангелова, Петранка Ристевска, Зорица Симоновска Глигорова , Наталија Николовска,Лидија Велковска, Наташа Н.Нумановиќ, Маја Саздовска, Горица Стојанова, Елена Таневска, Александра Петровска |
| Национална конференција „Кариерно советување и насочување на децата со попреченист“ | 14.10.2025-Еврогајденс центар, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, Скопје | Лидија Петровска |
| Обука на тема:„Развивање на емпатија, пријателство и поддршка за ученици кои се на лекување во здравствени установи или на домашно лекување“, организирана со 8-2 одд. | 14.10.2025 -Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука | Татјана Пеливанова |
| Психолошки пристап кон инклузивноста:Насоки за различностите во одделението-Аутизам,Адхд,Дислексија | 15.10.2025 АРБ Институт | Игор Зафировски |
| Classroom management and SDGs | 18.10.2025, Битола, Хипо Глобал поддржано од Британски Совет | Нарциса Блажевска |
| Online вебинар From learning to effectiveness | 18.10.2025 Edunation | Билјана Несторовска |
| $67^{th}$ Pan-European Conference on Digital Education. Special edition: Toy-free Month | 23.10.2025 Примера | Марија Д.Ристевска, |
| Обука - ЕСАРУЕД за Едневник | 24.10.2025 МОН | Марјан Бошев |
| Classroom management and SDGs | 25.10.2025, Follow-up сесија на Битола - онлајн | Нарциса Блажевска |
| Tips and Tricks: How to teach with Ministry approved workbooks | 30.10.2025, Пиарсон (Pearson) - online | Нарциса Блажевска |
| Обука за спроведување на програмата Вештини за адолесценција | 6-7 .11.2025 БРО, МОН | Игор Зафировски, Наташа Јаковческа, Александар Милојевиќ, Радмила Чипан, Андријана Тасевска |

| | | |
|---|---|---|
| Young Learners Day | 12.11.2025 Macmillan Education | Марија Д.Ристевска, |
| "Edukacijska procena djece s višestrukim razvojnim teškoćama"- вебинар | 13.11.2025 Перкинс Григ | Александра Петровска |
| Обука за шах | 19.11.2025 Шаховски сојуз на град Скопје во соработка со општина Кисела Вода | Гордана Арсовска, Елена Петровски, Сузана Ангелова, Петранка Ристевска, Татјана Пеливанова, Борче Димитриевски |
| Работилница за наставници по француски јазик „ Мојот успех и мотивација како наставник по француски јазик “ | Француски институт -20, 11 2025 | Татјана Глигорова |
| Професионален развој и Примена на ВИ во наставата по англиски јазик | 22.11.2025, Струмица, Хипо Глобал поддржано од Британски Совет | Нарциса Блажевска |
| Обука за Генеративна вештачка интелигенција во образование | 24-25.11.2025-Обука од МОН,во рамките на активностите на ИНОФЕИТ ЕДИХ | Елена Михајлова, Марјан Бошев, Митка Панарин |
| Rethinking Learner Understanding: Inclusivity, Autonomy, and Innovation in ELT | 26.11.2025, ELI Publishing - online | Нарциса Блажевска |
| Пристап и користење на националната платформа nastava.mk | 27.11.2025, БРО | Зорица Симоновска Глигорова , Наталија Николовска, Лидија Велковска, Наташа Н.Нумановиќ, Светлана Карафиљкова, Марија Атанасовска, Елена Таневска, Александра Петровска |
| AI Помошник во училницата | 28.11.2025 -ЗОН учител | Ирена К. Димковска, Марина Крстевска Ангелова,Петранка Ристевска, Зорица Симоновска Глигорова ,Наталија Николовска, Лидија Велковска, Наташа Н.Нумановиќ, Горица Стојанова, Елена Таневска,Александра Петровска |

| | | |
|---|---|---|
| Професионален развој и Примена на ВИ во наставата по англиски јазик | 29.11.2025, follow-up сесија од Струмица, Хипо Глобал поддржано од Британски Совет | Нарциса Блажевска |
| Петта меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки KOMFSN 2025 | 28-29.ноември.2025, СММ, ИФ, ИМ ПМФ-Скопје | Наташа Јаковческа |
| Вебинар „Како можеме образованието да го направиме поинклузивно и поправедно“ | 04.12.2025-ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“ | Лидија Петровска, Наташа Н.Нумановиќ, Борче Димитриевски, Александра Петровска |
| Обука за Општествено-хуманитарни работа | 5.12.2025 БРО | Сите наставници од предметна настава и стручни сработници |
| Вебинарот „Законски обврски и стратегии за справување со насилство и ученичко учество“. | 10.12.2025, ЕдуЛаб | Гордана Арсовска, Елена Петровски, Сузана Ангелова, Зорица Симоновска Глигорова , Александра Петровска |
| 69th Pan-European Conference on Digital Education. | 18.12.2025 Примера | Марија Д.Ристевска, |
| Reading & Writing with a Twist | 26.12.2025 Експрес Бук | Билјана Несторовска |

### *9.2.2.Активности како обучувачи, модератори, креатори на вебинари, автори, консултанти, учесници во фокус групи*

| **Активност** | **Кога, каде и организатор** | **Реализатор** |
|---|---|---|
| Учесник во документарецот: On mentoring – Warmth, Not Heat; во кој Д-р Анџи Малдерез го објаснува менторирањето според SIRP методата https://www.youtube.com/watch?v=38Faqz67qm4 | 9.12.2025, Македонска менторска мрежа | Нарциса Блажевска |
| Инклузивни практики за наставниците по англиски јазик - обучувач | 20.9.2025, Скопје, обучувач за Хипо Глобал поддржано од Британски Совет | Нарциса Блажевска |
| Инклузивни практики за наставниците по англиски јазик - обучувач | 4.10.2025, Follow-up сесија на Скопје онлајн | Нарциса Блажевска |
| Примена на флешкарти при раскажување приказни за ученици со ПОП - обучувач | 15.11.2025, Охрид, обучувач за Хипо Глобал поддржано од Британски Совет | Нарциса Блажевска |

| | | |
|---|---|---|
| Оценување на учениците со ПОП, обучувач | 13.12.2025 follow-up сесија од Охрид онлајн | Нарциса Блажевска |
| Ментор на пет студентки од Катедрата по англиски јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје кои обавуваат практична настава во нашето училиште врз основа на потпишан догор за соработка помеѓу нашето училиште и Катедрата по англиски јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ | од 29.10.2025 г. | Нарциса Блажевска |
| Учесник во панел дискусија „Магијата е во знаењето“ | 5.10.2025 Дом на култура Биљана Беличанец, МОН | Наташа Јаковческа, Билјана Тодоровска, , Елена Таневска, Александра Петровска |
| Учесник во панел дискусија за осигурување | 30.10.2025-Агенција за супервизија на осигурувањето | Анета Јумбрукова, Дончо Лозановски, Марија Д.Ристевска |
| Член на Локален Совет за унапредување на правата на детето на Општина Кисела Вода | | Наташа Јаковческа |
| Координатор/ заменик координатор на преттестирање за Државното тестирање | 15.10.2025, ДИЦ | Марија Д.Ристевска, Елена Михајлова |
| Координатор на Еразмус – КА122SCH | | Билјана Несторовска |

### *9.2.3.Работа на Стручните активи*

Работата на ***Стручните активи*** се одвиваше според претходно изготвена програма за секој актив. Активностите на стручните активи се реализираа преку состаноци од далечина и присуство на отворени часови од далечина.

***Стручниот актив за одделенска настава*** ги разработи следните теми:

1.Планирање и реализација на наставниот материјал за новата учебна година и прилагодување на годишните планирања за овој учебен период.

2.Предавање и разгледување на плановите за личен професионален развој-членови на Тимот за професионален развој и изготвување анализа за потребите за професионален развој – Андријана Тасевска.

3.Тема-‘’Прилагодување на наставата за учениците со интелектуална попреченост’’-Лидија Петровска - специјален едукатор и рехабилитатор.

***Стручниот актив на група предмети од општествените науки*** ги разработи следните теми:

1. Подготовки за планирање на наставниот материјал за новата учебна година, прилагодување на годишните планирања, разгледување на плановите за личен професионален развој.

2. Давање насоки за новините во е-дневникот во однос на креирање распоред на часови и севкупно водење на педагошката евиденција - Марјан Бошев

3. „Интегрирање на социјално-емоционалното учење и обезбедување релевантни и достапни образовни искуства“ – презентација – Лариса Станкова

4. Отворен интегриран час по предметите македонски јазик и музичко образование на тема:„ Филмска музика “–Татјана Пеливанова и Гордана Арсовска.

5. Отворен час по француски јазик на тема: „Навики за здрав живот“- Татјана Глигорова

***Стручниот актив на група предмети од природните науки*** ги разработи следните теми:

1. Подготовки за планирање на наставниот материјал за новата учебна година, прилагодување на годишните планирања, разгледување на плановите за личен професионален развој.

2. Отворен час: Пишување броеви со римски цифри – Елена Михајловска

3. Отворен час: 3Д форми препознавање и класифицирање – Наташа Јаковческа.

4. Отворен час: Физичко (механичко) варење на храната – Билјана Милутиновска

5. Отворен час: Плоштина на 3D форми – Митка Панарин

## 10.Заклучни согледувања

Во првото полугодие од учебната 2025/2026 година во ООУ „Круме Кепески“ битно е да се истакнат неколку клучни аспекти:

1.Во училиштето беа обезбедени сите потребни услови за безбедно и квалитетно одвивање на наставата.

2.Учениците беа вклучувани во повеќе воннаставни активности, активности и акции на ученичките организации и хуманитарни акции.

3.Од страна на наставниците и стручните соработници со учениците беа континуирано реализирани превентивни и интервентни работилници во кои акцент се ставаше на безбедноста и унапредување на добросостојбата и менталното здравје на учениците.

4.Со родителите се реализирани информативни и едукативни средби на теми кои се однесуваат на безбедноста и унапредување на добросостојбата и менталното здравје на учениците.

5.Воспитно-образовниот кадар особено внимание посвети на својот професионален развој.

6.Во континуитет со претходните учебни години, особено внимание се посвети на активностите за јакнење на инклузивната култура, политика и практика на училиштето.

7.Училиштето постојано имаше соработка со локалната заедница, вклучувајќи се во бројни активности иницирани од Општината „Кисела Вода“, од чија страна е добиена и значајна помош и поддршка на училиштето.

8.Училиштето го започна процесот на самоевалуација, по кој ќе следи процес на изготвување на Развојна програма на училиштето.

Директор

Павлина Трипуновска